Број 118 Јули 2022

# S-WORK






# Сексуалните работници се здружуваат против новиот Предлог-закон на Владата во Италија за криминализација на клиентите

По Шведска, Франција и предложениот закон во Шпанија, Италија е следната земја која предлага криминализирање на сексуалната работа преку парични казни и апсење за клиентите. Сексуалните работници во Италија се загрижени за нивната иднина и безбедност по предложениот нов закон по примерот на Шведска.

Заедницата на сексуални работници испратија соопштение до медиумите во кои го изразуваат своето незадоволство и причините зошто треба да се повлече новиот Предлог-закон.

„Криминализацијата не претставува решение и понатаму ќе се бориме да го разоткриеме лицемерието кое постои зад оваа нео-аболиционистичка идеологија: криминализирањето не значи откажување од сексуалната работа. Напротив, сексуалните работници и понатаму ќе продолжат да ја работат оваа работа, но во понебезбедни и поопасни услови, изложени на насилство и злоупотреби.

Користење лажни податоци кои го придружуваат Предлог-законот не прикажуваат нас, сексуалните

работници како обични жртви, како луѓе кои треба да се спасат од „надмоќните клиенти". И не само тоа, ги прикажуваат причините за работа и инволвирањето во сексуалната работа како „психолошка" состојба на сексуалните работници, особено на транс жените и мигрантите, а притоа во ниту еден член од Предлог-законот не ги споменуваат машките сексуални работници.

Затоа нема да молчиме кога влијателни државни парламентарци ќе ни кажат дека „проституцијата не ја развива човечката личност, таа само деградира и деградира". Промовирањето на криминализацијата на сексуалната работа на правно и социјално ниво само ја влошува материјалноста на нашите животи и ја нарушува нашата благосостојба. Она што е проблематично е експлоатацијата на работата во рамките на капиталистичкиот систем, кој го отсекува пристапот до приходите и заштитата на благосостојбата за најмаргинализираните заедници. Ограничувањето на пристапот до остварување приходи за нас не значи „да бидеме ослободени", туку нè принудува да работиме во услови на понатамошна маргинализација и дискриминација.

Сексуалната работа е работа и како таква треба да биде заштитена! Силно се спротиставуваме на законодавството кое креира закони без да ги слушне нашите гласови, за тоа што ние навистина сакаме, што ни треба и што треба да се промени.

За сите досегашни жртви на насилство и оние сексуални работници кои трпат насилство во сенка, нема да престанеме да бараме целосна декриминализација на нашите животи и нашите тела и признавање на сексуалната работа како почетна точка за поширока борба против хетеропатријархалниот систем кој не прави жртви на насилство. Продолжуваме понатаму да се бориме и да креваме врева!!!

Нема закони за нашите животи и тела без да се консултирате со нас и без наше одобрение. Доста ни е од вашата злоупотреба на моќта и насилството врз нас како сексуалните работници, како жени и/или како припадници на ЛГБТИ заедницата.



# Јавен повик до државите во Европа за декриминализација на сексуалната работа

## TGEU и ESWA ги повикуваат државите во Европа за спроведување итна декриминализација на сексуалната работа

Дискриминацијата, злоупотребата, вознемирувањето и насилството се вознемирувачки чести искуства за трансродовата заедница и родово разноликата заедница. Маргинализираните заедници често се соочуваат со стигма, дискриминација и социјално отфрлање од општеството и семејствата уште на рана возраст поради јавното изразување на родовиот идентитет. Ова рано отфрлање може да доведе до насилство, виктимизација и криминализација, спречувајќи ги да пристапат до соодветна здравствена заштита, домување, вработување, како и пречки во задоволување на секојдневните потреби.

Токму поради социјалната исклученост, трансродовите луѓе и останатите маргинализирани заедници често ја избираат сексуалната работа како единствена или една од малкуте опции за заработување. Трансродовите луѓе се изложени на високо ниво на насилство додека работат на улиците, во борделите и домовите. Трансродовите жени кои се дискриминирани по повеќе основи,како раса, сексуален идентитет, миграциско потекло или инвалидитет имаат уште поголема веројатност да се соочат со насилство. Податоците за ова се многу јасни: според ажурираната листа на TGEU за следење на убиствата во 2021 година, 58% од 375 транс и родово разновидни луѓе биле убиени во изминатата година, а нивното занимање било со сексуална работа. За да бидат работите уште полоши, трансродовите сексуални работници немаат законска заштита кога државите избираат да ја криминализираат сексуалната работа.

Законите кои ја криминализираат сексуалната работа ја туркаат секс индустријата под земја, што ја прави поопасна и понебезбедна. Сексуалните работници се соочуваат со високи стапки на насилство бидејќи клиентите претпоставуваат дека можат да ги нападнат или ограбат и да се извлечат од тоа. Тие го користат фактот што сексуалните работници се плашат да пријават во полиција. Ако се јават во полиција, сексуалните работници би можеле да бидат уапсени за продажба на сексуални услуги или да се соочат со депортација доколку се без документи. Тие, исто така, може да бидат малтретирани и нападнати од полицијата.

Од почетокот на 2022 година, три земји во ЕУ почитуваат строга забрана за сексуална работа, криминализирајќи ги и купувачите и продавачите, при што Франција, Ирска и Шведска го следат таканаречениот Нордиски модел кој го криминализира барањето и купувањето сексуални услуги од сексуалните работници. Сексуалната работа е легална и регулирана со закон во Австрија, Германија, Грција, Унгарија, Латвија, Холандија и Швајцарија. Сепак, овие правни модели генерално ги оставаат трансродовите сексуални работници надвор од законската државна заштита. Австралиските држави Нов Јужен Велс и Викторија, Белгија и Нов Зеланд се едни од ретките земји ширум светот кои ги слушнаа барањата на сексуалните работници и ја декриминализираа сексуалната работа, сфаќајќи дека само правата можат да ги поправат грешките.

Како застапници и активисти за правата на трансродовите луѓе и заедницата на сексуални работници, Transgender Europe (TGEU) - организација за човекови права која се залага за целосна еднаквост на сите трансродови луѓе во Европа и ESWA - Европската алијанса за правата на сексуалните работници ги повикуваат државите во Европа да ја декриминализираат сексуалната работа бидејќи само со ваква правна регулација би се препознала и признала сексуалната работа како работа.




# 4 ПРИЧИНИ ЗОШТО ИМ Е ПОТРЕБНА ПОДДРШКА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Колку и да мислиме дека општеството се менува и дека новите генерации се поотворени за дискусија на тема секс, сепак сè уште сексуалната работа останува табу тема, за која се зборува со многу предрасуди и за кај која мислењата се поделени. Некои феминистки мислат дека сексуалната работа е експлоататорска и ги објективизира жените, додека други тврдат дека сексуалната работа може да ги зајакне и охрабри поединците кои се одлучиле да ја работат оваа работа.

Сепак, постои растечко активистичко движење за глобална декриминализација на сексуалната работа, кое е поддржано од страна на големи меѓународни организации како што е  Амнести интернешенл. Скоро сите здруженија и организации предводени од заедницата на сексуални работници и/или кои работат на заштита на правата на сексуалните работници го креваат гласот за декриминализација, а притоа ја потенцираат правната разлика помеѓу легализацијата, која вклучува регулирање „каде, кога и како би можела да се случи сексуалната работа" и декриминализацијата, која во суштина „ги елиминира сите закони кои ја криминализираат  сексуалната работа".

Во јавните дебати и дискусии за тоа дали сексуалната работа може да биде позитивна и охрабрувачка за жените се вмешани различни сложени класни, расни и родови прашања. Но, едно е јасно: време е искрено да се погледне како законите кои се против сексуалната работа влијаат на сексуалните работници денес.

## 1 Третирањето на сексуалната работа како кривично дело дополнително ги маргинализира жените, особено жените со различна боја на кожа и трансродовите жени.

Според годишните статистики на САД, жените се повеќе од две третини од луѓето кои се уапсени за нудење сексуални услуги, или повеќе од приближно 36,667 жени ширум земјата. Според студијата на Центарот за малолетничка и кривична правда, жените со различна боја на кожа во Сан Франциско имаат 31 пат поголема веројатност да бидат уапсени за проституција, отколку жените со бела боја на кожа. Овие закони ставаат непропорционален товар на жените со различна боја на кожа, трансродовите жени и ЛГБТИ луѓето, кои често се расно профилирани, апсени, па дури и нападнати или убиени.

## 2 Криминализирањето на сексуалната работа промовира култура на обвинување и исмејување на жртвите.

Според една студија од 2014 година, сексуалните работници имаат 45% до 75% веројатност да доживеат сексуална злоупотреба или малтретирање за време на нивната кариера. Сепак, иако сексуалните работници се изложени на зголемен ризик од насилство, кога тие пријавуваат случаи на насилство во полиција, истите често се отфрлаат поради нивните професии.

Пример за ова претставува случај од 2014 година, во кој сексуалната работничка Кристи Мек била силувана и нападната од нејзиното поранешно момче во 2014 година, а наместо да го осудат насилникот, таа била обвинувана за нападот и исмејувана на нејзиниот јавен профил на Твитер.  Таа била дочекана со низа срамни твитови кои ја обвинувале за нападот, со образложение дека го заслужила тоа бидејќи била „безвредна“ сексуална работничка.

## 3 Кога продавањето секс претставува кривично дело, сексуалните работници се особено ранливи на полициската бруталност.

Спротивно на популарните митови за макроата и клиентите и за нивниот насилнички однос кон сексуалните работници, многу сексуални работници повеќе се плашат токму од полицијата и од државните органи, отколку од нивните клиенти. А доказ за тоа се токму објавите на сексуалните работници на Интернет за предупредувањата за полициските службеници отколку за лошите клиенти.

Според истражувањето спроведено од една поранешна сексуална работничка - Тара Барнс, во кое биле анкетирани околу 40 сексуални работнички кои работеле во Аласка, повеќе од половина од жените кои пријавиле дека биле сексуално нападнати изјавиле дека биле злоставувани од полициски службеници. Сексуалните работници, исто така пријавиле дека доживеале полициска уцена и генерално не сакале да пријават било какви злосторства против нив, поради страв од апсење. Со декриминализирањето на сексуалната работа се овозможуваат побезбедни услови за работа и живеење на сексуалните работници, а со тоа би биле помалку исплашени да пријават напад и други злосторства.

## 4 Секој треба да го почитува правото на избор на професија.

Многу активистички движења кои лобираат против сексуалната работа тврдат дека повеќето жени кои продаваат сексуални услуги го прават тоа против нивната волја и најчесто ги мешаат жртвите на сексуална трговија со лицата инволвирани во доброволна сексуална работа. Сепак, постои јасна разлика помеѓу сексуалната работа и сексуалната трговија со луѓе.

Декриминализацијата на сексуалната работа потврдува дека постои разлика помеѓу доброволната сексуална работа помеѓу двајца или повеќе согласни возрасни лица и тргувањето со пари за секс и злоупотребените жртви на сексуална трговија со луѓе. Оваа дистинкција покажува законско почитување на автономијата на жената и изборот на жената што да прави со сопственото тело. Поврзувањето на сексуалните работници со жртвите на сексуална злоупотреба ја омаловажува жената и нејзиното право да избере професија по сопствена волја. ●




# Правото на здравје како основно човеково право на сексуалните работници

Меѓународните договори кои произлегуваат од Универзалната декларација за човекови права сметаат дека „највисоките стандарди за физичко и ментално здравје“ се основно човеково право. Во однос на правото на здравје како основно човеково право, многу е важно сексуалните работници да имаат пристап до сеопфатна здравствена заштита, вклучувајќи и ја репродуктивната нега.

Според Информативниот документ за правото на здравје изготвено од страна на Високиот комесар на Обединетите нации за човекови права и Светската здравствена организација (СЗО), клучни аспекти на правото на здравје се следниве:

- Правото на здравје е инклузивно право кое вклучува широк спектар на фактори, „основни детерминанти“ кои можат да им помогнат на луѓето да водат здрав живот. Под право на здравје се подразбира следново: здрави услови за работа и животна средина, образование и информации поврзани со здравјето и родова еднаквост.

- Под правото на здравје се подразбира можноста за пристап до здравствени услуги и установи. Според меѓународните инструменти за човекови права, здравствените услуги и капацитетите треба да бидат лесно достапни, лесно пристапни, прифатливи и со добар квалитет за сите без дискриминација.

- Последна компонента на правото на здравје е учеството, што значи информирано, значајно и активно вклучување на населението и ранливите заедници, вклучувајќи ги и сексуалните работници, во одлуките кои влијаат на нивното здравје и благосостојба. Сексуалните работници, исто како и другите популации, треба да се третираат како стратешки партнери во донесувањето одлуки, активности и програми кои се занимаваат со здравствени проблеми релевантни за нив. Покрај тоа, државите треба да обезбедат сигурно и поддржувачко опкружување за сексуалните работници, со што ќе се створат можности за такво значајно учество.

- Едно од најчестите прекршувања на правата на сексуалните работници се случува во областа на здравјето. Правото на здравје на сексуалните работници често се злоупотребува и во многу случаи сексуалните работници имаат тежок пристап до релевантните, сеопфатни или недискриминаторски здравствени или ХИВ услуги. Правото на највисок достапен стандард на здравје треба да биде основно право на секое човечко суштество и треба да вклучува пристап до навремена, достапна и прифатлива здравствена заштита со соодветен квалитет. За жал, ова не е често случај за сексуалните работници. ●

Во издание на:

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

СТАР

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.